Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Sherbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 21 APR 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 352/13 | | |


СТРУЧНО МИСЛЕЊЕ ЗА РАКОПИС НА УЧЕБНИК

Предмет: Географија за VIII одделение

(ракопис шифра бр. 27)

По извршеното стручно мислење на ракопис за учебник по наставниот предмет Географија за VIII одделение, а врз основа на Решението за формирање рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописи на учебници бр. 26-352/10 од 16.04.2026 г., се дава следното стручно мислење за ракописот за учебник со шифра бр. 27:

1. Општи карактеристики на ракописот

Ракописот со шифра бр. 27 има јасна структура и одлично организирана содржина. Текстот е уреден на начин што овозможува лесно следење, а визуелните елементи се внимателно одбрани и поставени во директна врска со наставниот материјал притоа надополнувајќи го и разјаснувајќи го. Структурата на учебникот е одлична бидејќи целините се надоврзуваат една на друга. Воведните делови овозможуваат ориентација и даваат насока за користење на учебникот. Распоредот на содржините овозможува градациско и рамномерно градење на знаењата. Ракописот со шифра бр. 27 ги следи барањата од наставната програма за VIII одделение подготвена од Бирото за развој на образованието, а исто така е прилагоден на предвидениот фонд на часови.

2. Организација на темите и самоевалуација

Секоја тема започнува со јасно осмислен воведен дел во кој се издвоени основните содржини, клучните поими и очекуваните резултати од учењето, со што уште на самиот почеток се воспоставува јасна насока за обработка на наставниот материјал. Ваквата поставеност придонесува за поголема прегледност во организацијата на содржините, а воедно му овозможува на наставникот полесно планирање, насочување и реализирање на наставниот процес.

Од аспект на учениците, воведниот дел има значајна ориентациска и мотивациска функција, бидејќи овозможува навремено запознавање со она што ќе се изучува и со постигањата што се очекуваат на крајот од темата. Ваквиот пристап претставува значајна дидактичко-методичка предност на учебникот.

3. Интерактивност и мотивирање на учениците

Учебникот содржи внимателно осмислени задачи и прашања кои го поттикнуваат активното учество на учениците во текот на наставниот процес, како и нивното индивидуално и критичко размислување. Активностите се разновидни по форма и ниво на сложеност, што овозможува ангажирање на учениците со различни способности и интереси, и придонесува за подинамична и интерактивна настава.

Особено се издвојуваат задачите кои ги насочуваат учениците кон самостојно согледување, анализа и поврзување на информациите, со што се развиваат повисоки когнитивни вештини. Присутни се и активности базирани на истражувачки пристап, кои ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања, да истражуваат и да донесуваат заклучоци, овозможувајќи проширување на стекнатите знаења.

Дополнително, учебникот содржи рубрики кои имаат мотивациска функција, ја збогатуваат наставната содржина и придонесуваат за одржување на вниманието и интересот кај учениците. Ваквата комбинација на задачи, активности и дополнителни содржини ја прави наставата поефективна.

4. Педагошка и дидактичка вредност

Ракописот покажува високо ниво на прилагоденост на возраста и развојните карактеристики на учениците, како и на нивните виситински можности за разбирање и совладување на наставниот материјал. Содржините се јасни и прегледни, со што се обезбедува градациско и систематско надградување на знаењата.

Самиот ракопис овозможува услови за инклузивен наставен процес во кој секој ученик може да напредува согласно сопствените способности и темпо на учење.

Дополнително, интеграцијата на дигитални содржини преку QR-кодови претставува современ и функционален елемент, кој овозможува пристап до дополнителни онлајн ресурси како видеа, интерактивни содржини и други едукативни материјали.

Заклучок

Може да се констатира дека ракописот за учебник по Географија за VIII одделение со шифра бр. 27 претставува современо и исклучително квалитетно наставно решение, изработено согласно образовните стандарди и кое овозможува услови за квалитетна и ефикасна настава. Неговата јасна структура, содржинска усогласеност со наставната програма и примена на разновидни наставни методи обезбедуваат солидна и функционална основа за успешно реализирање на наставниот процес, како и за индивидуално совладување на материјалот.

Следствено, се дава позитивно мислење за ракописот со шифра бр. 27 и, по внесување на корекциите од страна на авторите, се предлага ракописот да биде одобрен за употреба како учебник по предметот Географија за VIII одделение во основното образование, поради неговиот исклучителен квалитет, современиот пристап, јасната концепциска поставеност и усогласеноста со образовните стандарди и наставната програма, како и поради неговата функционалност во наставната практика и значајниот придонес кон развојот на знаењата и вештините кај учениците.

Проф. д-р Ресуљ Хамити – Универзитет во Тетово

Ресуљ Хамити

Скопје, 20.04.2026

## Насоки за усогласување на учебникот

Се остава простор авторите да пристапат кон дополнително уредување на визуелниот распоред, со цел содржините да добијат уште поголема прегледност и да полесно да се следат во текот на наставниот процес. Во таа насока, може да се разгледа и можноста за финално јазично и техничко доусогласување на текстот, што би придонело за поголема јасност, прецизност и уредност на наставниот материјал. Дополнително, се посочува можност за понатамошно усогласување на графичките елементи со текстуалните содржини, со цел постигнување покомплетна, визуелно избалансирана и складна презентација на наставниот материјал.

Овие насоки се однесуваат на пофино доуредување на материјалот и не ја менуваат неговата суштина, која и во оваа форма е јасна, добро поставена и лесно се применува во наставата.


Република Северна Македонија
Republika e [illegible] së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба Sherbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 21 APR 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numer: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 352/12 | | |


Проф. д-р Ресуљ Хамити – Универзитет во Тетово

Ресуљ Хамити ______________________________

Скопје, 20.04.2026

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 21 APR 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 352/11 | | |

# Образец за индивидуално вреднување на учебникот

(го пополнува секој член на рецензентската комисија одделно и независно од другите членови)

Вреднување на приложениот учебник со шифра 27

по наставниот предмет ГЕОГРАФИЈА

за VIII одд./год. од ОСНОВНО образование

| ***Подрачје 1:*** **УСОГЛАСЕНОСТ СО НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ** | | |
|---|---|---|
| *стандард* | *индикатор* | *поени* |
| 1.1. Учебникот ги следи темите/подрачјата/модуларните единици предвидени со наставната програма. | **1.1.1** | 4 |
| | **1.1.2** | 4 |
| 1.2. Учебникот ја следи наставната програма во поглед на застапеноста на предвидените цели/резултатите од учењето. | **1.2.1** | 4 |
| | **1.2.2** | 4 |
| 1.3. Поимите предвидени со наставната програма се вклучени во учебникот. | **1.3.1** | 4 |
| ***Подрачје 2:*** **ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ** | | |
| *стандард* | *индикатор* | *поени* |
| 2.1. Лекциите во учебникот се презентирани на начин кој олеснува да се увиди што е тоа што учениците треба да го научат, од аспект на цели/ очекувани резултати и наставни содржини. | **2.1.1** | 4 |
| | **2.1.2** | 4 |
| 2.2. Во учебникот се презентирани точни, современи, научно засновани и релевантни сознанија. | **2.2.1** | 4 |
| | **2.2.2** | 4 |
| 2.3. Примерите и илустрациите во учебникот се во функција на наставните содржини и се прилагодени на учениците. | **2.3.1** | 4 |
| | **2.3.2** | 4 |
| | **2.3.3** | 4 |
| 2.4. Нивото на тежина на содржините во учебникот соодветствува на барањата на наставната програма и на нивото на когнитивниот развој на учениците. | **2.4.1** | 4 |
| | **2.4.2** | 4 |
| **Доколку учебникот е релевантен:** | | |
| 2.5. Учебникот не развива и поддржува стереотипи и предрасуди, туку промовира еднаквост и почитување на различности по сите основи. | **2.5.1** | 4 |
| | **2.5.2** | 4 |
| | **2.5.3** | 4 |
| | **2.5.4** | 4 |
| 2.6. Содржините и активностите во учебникот го одразуваат | **2.6.1** | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| мултиетничниот состав на државата, промовираат почитување на сите етнички заедници во државата и ја поддржуваат меѓуетничката интеграција. | 2.6.2 | 4 |
| ***Подрачје 3:* ПОВРЗАНОСТ СО УЧЕЊЕТО И ПОУЧУВАЊЕТО** | | |
| *стандард* | *индикатор* | *поени* |
| 3.1. Учебникот е структуриран и организиран така да овозможува прегледност и го олеснува користењето. | 3.1.1 | 4 |
| | 3.1.2 | 4 |
| 3.2. Учебникот е напишан така што им овозможува на учениците сами да учат од него. | 3.2.1 | 4 |
| | 3.2.2 | 4 |
| | 3.2.3 | 4 |
| | 3.2.4 | 4 |
| | 3.2.5 | 4 |
| | 3.2.6 | 4 |
| 3.3. Учебникот ги поттикнува учениците со различни предзнаења да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата од предметот. | 3.3.1 | 4 |
| | 3.3.2 | 4 |
| ***Подрачје 4:* ЈАЗИК И СТИЛ** | | |
| *стандард* | *индикатор* | *поени* |
| 4.1. Јазикот и стилот на кој е напишан учебникот го олеснува разбирањето на содржините. | 4.1.1 | 4 |
| | 4.1.2 | 4 |
| | 4.1.3 | 4 |
| 4.2 Учебникот ги почитува јазичните и правописните норми на јазикот на кој е напишан. | 4.2.1 | 4 |
| ***Подрачје 3:* ДИЗАЈН** | | |
| *стандард* | *индикатор* | *поени* |
| 5.1. Графичкото обликување обезбедува целосна прегледност на структурата и содржините на учебникот. | 5.1.1 | 4 |
| 5.2. Графичкото обликување обезбедува целосна прегледност на структурата и содржината на лекциите. | 5.2.1 | 4 |
| | 5.2.2 | 4 |
| | 5.2.3 | 4 |
| 5.3 Надворешниот и внатрешниот изглед на учебникот задоволува естетски стандарди. | 5.3.1 | 4 |
| | 5.3.2 | 4 |

Член на комисија:

Име и презиме: РЕСУЛ ХАМИТИ

Потпис: [signature]

Дата на потпишување: 20.04.2026

352

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonise se Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 07 APR 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njesia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 352/7 | | |

## Образец за индивидуално вреднување на учебникот

(го пополнува секој член на рецензентската комисија одделно и независно од другите членови)

Вреднување на приложениот учебник со шифра 27

по наставниот предмет ГЕОГРАФИЈА

за VIII одд./год. од ОСНОВНОТО образование

| ***Подрачје 1:*** **УСОГЛАСЕНОСТ СО НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ** | | |
|---|---|---|
| *стандард* | *индикатор* | *поени* |
| 1.1. Учебникот ги следи темите/подрачјата/модуларните единици предвидени со наставната програма. | **1.1.1** | 2 |
| | **1.1.2** | 2 |
| 1.2. Учебникот ја следи наставната програма во поглед на застапеноста на предвидените цели/резултатите од учењето. | **1.2.1** | 2 |
| | **1.2.2** | 2 |
| 1.3. Поимите предвидени со наставната програма се вклучени во учебникот. | **1.3.1** | 2 |
| ***Подрачје 2:*** **ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ** | | |
| *стандард* | *индикатор* | *поени* |
| 2.1. Лекциите во учебникот се презентирани на начин кој олеснува да се увиди што е тоа што учениците треба да го научат, од аспект на цели/ очекувани резултати и наставни содржини. | **2.1.1** | 1 |
| | **2.1.2** | 1 |
| 2.2. Во учебникот се презентирани точни, современи, научно засновани и релевантни сознанија. | **2.2.1** | 1 |
| | **2.2.2** | 2 |
| 2.3. Примерите и илустрациите во учебникот се во функција на наставните содржини и се прилагодени на учениците. | **2.3.1** | 1 |
| | **2.3.2** | 1 |
| | **2.3.3** | 1 |
| 2.4. Нивото на тежина на содржините во учебникот соодветствува на барањата на наставната програма и на нивото на когнитивниот развој на учениците. | **2.4.1** | 1 |
| | **2.4.2** | 1 |
| **Доколку учебникот е релевантен:** | | |
| 2.5. Учебникот не развива и поддржува стереотипи и предрасуди, туку промовира еднаквост и почитување на различности по сите основи. | **2.5.1** | |
| | **2.5.2** | |
| | **2.5.3** | |
| | **2.5.4** | |
| 2.6. Содржините и активностите во учебникот го одразуваат | **2.6.1** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | мултиетничниот состав на државата, промовираат почитување на сите етнички заедници во државата и ја поддржуваат меѓуетничката интеграција. | 2.6.2 | |
| ***Подрачје 3:* ПОВРЗАНОСТ СО УЧЕЊЕТО И ПОУЧУВАЊЕТО** | | | |
| *стандард* | | *индикатор* | *поени* |
| 3.1. | Учебникот е структуриран и организиран така да овозможува прегледност и го олеснува користењето. | **3.1.1** | 2 |
| | | **3.1.2** | 2 |
| 3.2. | Учебникот е напишан така што им овозможува на учениците сами да учат од него. | **3.2.1** | 1 |
| | | **3.2.2** | 2 |
| | | **3.2.3** | 2 |
| | | **3.2.4** | 1 |
| | | **3.2.5** | 1 |
| | | **3.2.6** | 1 |
| 3.3. | Учебникот ги поттикнува учениците со различни предзнаења да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата од предметот. | **3.3.1** | 1 |
| | | **3.3.2** | 1 |
| ***Подрачје 4:* ЈАЗИК И СТИЛ** | | | |
| *стандард* | | *индикатор* | *поени* |
| 4.1. | Јазикот и стилот на кој е напишан учебникот го олеснува разбирањето на содржините. | **4.1.1** | 2 |
| | | **4.1.2** | 2 |
| | | **4.1.3** | 1 |
| 4.2 | Учебникот ги почитува јазичните и правописните норми на јазикот на кој е напишан. | **4.2.1** | 2 |
| ***Подрачје 3:* ДИЗАЈН** | | | |
| *стандард* | | *индикатор* | *поени* |
| 5.1. | Графичкото обликување обезбедува целосна прегледност на структурата и содржините на учебникот. | **5.1.1** | 1 |
| 5.2. | Графичкото обликување обезбедува целосна прегледност на структурата и содржината на лекциите. | **5.2.1** | 2 |
| | | **5.2.2** | 2 |
| | | **5.2.3** | 1 |
| 5.3 | Надворешниот и внатрешниот изглед на учебникот задоволува естетски стандарди. | **5.3.1** | 1 |
| | | **5.3.2** | 1 |

Член на комисија:

Име и презиме: Марија Јакосиа

Потпис: [signature]

Дата на потпишување: 7.4.2026г.

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
— Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik —
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 07 APR 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njesia Org. | Број: Numer: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 352/8 | | |

# Образец за финално вреднување на учебникот

(заеднички го пополнуваат сите членови на рецензентска комисија, врз основа на претходно пополнетите обрасци за индивидуално вреднување)

Вреднување на приложениот учебник со шифра 27

по наставниот предмет Географија

за VIII одд./год. од Основно образование

Просечните поени за секој индикатор (последната колона) се пресметуваат како аритметичка средина од поените доделени од секој член на рецензентската комисија одделно.

Просечната оценка за целото подрачје (односно за соодветните делови од подрачјето) претставува аритметичка средина од добиените просечни поени за сите индикатори вклучени во подрачјето.

Просечните оценки што се добиваат за секое подрачје се толкуваат согласно насоките дадени во деталните табели за вреднување.

| *Подрачје 1:* **УСОГЛАСЕНОСТ СО НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ** | | |
|---|---|---|
| *стандард* | *индикатор* | *просечни поени* |
| 1.1. Учебникот ги следи темите/подрачјата/модуларните единици предвидени со наставната програма. | **1.1.1** | 2 |
| | **1.1.2** | 2 |
| 1.2. Учебникот ја следи наставната програма во поглед на застапеноста на предвидените цели/резултатите од учењето. | **1.2.1** | 2 |
| | **1.2.2** | 2 |
| 1.3. Поимите предвидени со наставната програма се вклучени во учебникот. | **1.3.1** | 2 |
| *Просечна оценка за целото подрачје* | | 2 |

Во поглед на подрачјето **УСОГЛАСЕНОСТ СО НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ**, приложениот ракопис

- [x] **сосема ги задоволува барањата**
- [ ] **не ги задоволува барањата**

| *Подрачје 2:* **ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ** | | |
|---|---|---|
| *стандард* | *индикатор* | *просечни поени* |
| 2.1. Лекциите во учебникот се презентирани на начин кој олеснува да се увиди што е тоа што учениците треба да го научат, од аспект на цели/ очекувани резултати и наставни содржини. | **2.1.1** | 1 |
| | **2.1.2** | 1 |
| 2.2. Во учебникот се презентирани точни, современи, научно засновани и релевантни сознанија. | **2.2.1** | 1 |
| | **2.2.2** | 2 |
| 2.3. Примерите и илустрациите во учебникот се во функција на наставните содржини и се прилагодени на учениците. | **2.3.1** | 1 |
| | **2.3.2** | 1 |
| | **2.3.3** | 1 |
| 2.4. Нивото на тежина на содржините во учебникот соодветствува на барањата на наставната програма и на нивото на когнитивниот развој на учениците. | **2.4.1** | 1 |
| | **2.4.2** | 1 |
| *Просечна оценка за индикаторите 2.1.1-2.4.2* | | 1,1 |
| **Доколку учебникот е релевантен за следните индикатори:** | | |
| 2.5. Учебникот не развива и поддржува стереотипи и предрасуди, туку промовира еднаквост и почитување на различности по сите основи. | **2.5.1** | |
| | **2.5.2** | |
| | **2.5.3** | |
| | **2.5.4** | |
| 2.6. Содржините и активностите во учебникот го одразуваат мултиетничниот состав на државата, промовираат почитување на сите етнички заедници во државата и ја поддржуваат меѓуетничката интеграција. | **2.6.1** | |
| | **2.6.2** | |
| *Просечна оценка за индикаторите 2.5.1-2.6.2* | | |

Во поглед на подрачјето **ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ**, учебникот*

☐ **сосема ги задоволува барањата**

☐ **делумно ги задоволува барањата** и треба да се доработи за индикаторите:

_______________________________________________

☒ **не ги задоволува барањата**

*доколку учебникот е релевантен, се земаат предвид индикаторите од 2.1.1 до 2.6.2, а доколку не е, само индикаторите од 2.1.1 до 2.4.2)

| *Подрачје 3:* ПОВРЗАНОСТ СО УЧЕЊЕТО И ПОУЧУВАЊЕТО | | |
|---|---|---|
| *стандард* | *индикатор* | *просечни поени* |
| 3.1. Учебникот е структуриран и организиран така да овозможува прегледност и го олеснува користењето. | **3.1.1** | 2 |
| | **3.1.2** | 2 |
| 3.2. Учебникот е напишан така што им овозможува на учениците сами да учат од него. | **3.2.1** | 1 |
| | **3.2.2** | 2 |
| | **3.2.3** | 2 |
| | **3.2.4** | 1 |
| | **3.2.5** | 1 |
| | **3.2.6** | 1 |
| 3.3. Учебникот ги поттикнува учениците со различни предзнаења да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата од предметот. | **3.3.1** | 1 |
| | **3.3.2** | 1 |
| *Просечна оценка за целото подрачје* | | 1,4 |

Во поглед на подрачјето **ПОВРЗАНОСТ СО УЧЕЊЕТО И ПОУЧУВАЊЕТО**, учебникот

- ☐ **сосема ги задоволува барањата**
- ☒ **делумно ги задоволува барањата** и треба да се доработи за индикаторите: ______
- ☐ **не ги задоволува барањата**

| *Подрачје 4:* ЈАЗИК И СТИЛ | | |
|---|---|---|
| *стандард* | *индикатор* | *просечни поени* |
| 4.1. Јазикот и стилот на кој е напишан учебникот го олеснува разбирањето на содржините. | **4.1.1** | 2 |
| | **4.1.2** | 2 |
| | **4.1.3** | 1 |
| 4.2 Учебникот ги почитува јазичните и правописните норми на јазикот на кој е напишан. | **4.2.1** | 2 |
| *Просечна оценка за целото подрачје* | | 1,75 |

Во поглед на подрачјето **ЈАЗИК И СТИЛ**, учебникот

- ☐ **сосема ги задоволува барањата**
- ☒ **делумно ги задоволува барањата** и треба да се доработи за индикаторите:

☐ **не ги задоволува барањата**

| ***Подрачје 3:* ДИЗАЈН** | | | |
|---|---|---|---|
| *стандард* | | *индикатор* | *просечни поени* |
| 5.1. | Графичкото обликување обезбедува целосна прегледност на структурата и содржините на учебникот. | **5.1.1** | 1 |
| 5.2. | Графичкото обликување обезбедува целосна прегледност на структурата и содржината на лекциите. | **5.2.1** | 2 |
| | | **5.2.2** | 2 |
| | | **5.2.3** | 1 |
| 5.3 | Надворешниот и внатрешниот изглед на учебникот задоволува естетски стандарди. | **5.3.1** | 1 |
| | | **5.3.2** | 1 |
| | | *Просечна оценка за целото подрачје* | 1,2 |

Во поглед на подрачјето **ДИЗАЈН**, учебникот

☐ **сосема ги задоволува барањата**

☒ **делумно ги задоволува барањата** и треба да се доработи за индикаторите:

______________________________

☐ **не ги задоволува барањата**

Врз основа на просечните оценки од вреднувањето на секое подрачје одделно, рецензентската комисија заклучува дека приложениот учебник

☐ сосема ги задоволува барањата

☐ делумно ги задоволува барањата и треба да се доработи за горенаведените индикаторите од следните подрачја:

______________________________

☒ не ги задоволува барањата

Членови на рецензентската комисија:

1. Марија Лоќиоска ______ (потпис: Лоќиоска)
   име и презиме — потпис

2. ______________________________ ______________
   име и презиме — потпис

3. ______________________________ ______________
   име и презиме — потпис

Датум на потпишување : 7.4.2026

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 07 APR 2026 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 352/9 | | |


# МИСЛЕЊЕ
## за вреднување на учебник по Географија за осмо одделение во основното образование со шифра 27

Комисијата го прегледа ракописот за учебник по Географија за осмо одделение во основното деветгодишно образование со шифра 27 и врз основа на Наставната програма по географија за осмо одделение, Концепцијата за деветгодишно основно образование и Методологијата за вреднување на учебник, согласно образецот за вреднување на учебник, наведува констатации за секое подрачје поодделно.

1. Усогласеност на содржината на учебникот со наставната програма

Учебникот по Географија за осмо одделение во основното образование со шифра 27 е напишан на 201 страница, што е релативно многу за учебник во 8-мо одделение.

Учебникот ги следи темите предвидени со наставната програма и содржините ги обработува во 45 лекции. Но, во најавата на содржината на темите, непотребно се ставени извадоци од наставната програма, како што е рубриката „очекувани постигнувања“ (тие се содржини кои наставникот ги црпи од програмата, а не се наменети за учениците), затоа тие треба да се избришат.

Поимите од наставната програма се вклучени во ракописот како посебна рубрика во која се презентирани без дефиниции, а често пати се како дел од содржини на лекциите, што е несоодветно, па така, како што се презентирани се скоро беспредметни.

Има идентични илустрации кои се повторуваат, што е несоодветно во издавачката дејност. Поради тоа, истите треба да се ревидираат.

Според наведеното, потребно е да се преземат мерки за отстранување на наведените недоследности во функција на индикаторите 1.1.1. до 1.3.1.

2. Избор и приказ на содржините

Лекциите во ракописот за учебник по географија за осмо одделение се унифицирани, така што, секоја лекција на почеток содржи: клучни географски поими, прашања и воопштен коментар во врска со лекцијата.

Клучните географски поими не се дефинирани, што го прави нивното присуство беспредметно, бидејќи во книгата има и серија други поими кои не се присутни во овие листи.

Прашањата и коментарите логично е да бидат наменети за воведниот дел на часот, меѓутоа, во најголемиот број лекции, содржините не се асоцијативни туку императивни, како на пример „Погледнете ја картата...“ или „На нема карта внесете ги...“, а уште не се знае за која содржина ќе се разговара, или со замислени содржини како: „Замисли дека стоиш на најтесното место...“, „Замисли место каде во еден ден може да има снег, пустинска жештина и топол тропски воздух...“. Ваквиот пристап не е соодветен за воведниот дел на часот и истиот треба да се ревидира во сите лекции каде е присутен.

Понатаму, следи текстот на лекцијата кој се одликува со релативно обемни содржини, кои методолошки се логично прикажани, но текстовите не се конкретни туку со многу описни и раскажувачки карактеристики, односно со многу вишок зборови кои материјалот го прават тежок и одбивен за учење. Скоро во сите лекции се среќаваат зборови од типот: огромни, исклучителни, неверојатни, прекрасни, уникатни и слично, така што непотребно е зголемен

обемот на лекциите што ќе се рефлектира во желбата за индивидуално учење. Исто така, во лекциите на многу места се присутни оригинални написи на англиски јазик, кои во ваков тип на публикации не се потребни. Според наведеното, во лекциите треба да се направат потребните поправки.

Во текстовите на лекциите, конкретните содржини во голема мера не се одвоени со поднаслови, точки и потточки, така што изостанува визуелната прегледност на одделните содржини. Потребно е да се направат соодветни подобрувања.

Илустрациите се наменски, голем дел од нив непотребно се преголеми, така што го одземаат вниманието при учењето. Голем дел од картографските илустрации се неми картографски материјали од кои дел се целосно нефункционални во однос на текстот, како на пример „Хидрографска карта на САД", „Хидрографска карта на континентите", кои воопшто не се јасни. Картографските материјали во географијата имаат клучно значење и логично е повеќето да имаат одредена содржина за да бидат функционални. Затоа е потребна интервенција за отстранување на овие недостатоци.

Наведените забелешки претпоставуваат доработка и подобрување за индикаторите од 2.1.1 до 2.6.2.

Рубриките „Запомни" и „Прашања" предвидени за завршниот дел на часот се релативно коректни и задоволителни.

3. Поврзаност со учењето и поучувањето

Со цел да се постигнат поставените цели од подрачјето поврзаност со учењето и поучувањето во текстовите на лекциите, конкретните содржини во голема мера треба да се одвоени со поднаслови, точки и потточки, така што ќе се подобри визуелната прегледност на одделните содржини.

Потребно е да се направат соодветни подобрувања во функција на индикаторите од 3.1.1 до 3.3.2.

4. Јазик и стил

Содржините во лекциите се релативно обемни, но истите методолошки се релативно логични. Текстовите се многу описни со раскажувачки карактер, со многу вишок зборови, кои материјалот го прават пообемен, тежок и одбивен за учење. Треба да се редуцираат зборови како: огромни, исклучителни, неверојатни, прекрасни, уникатни и слично, кои се присутни скоро во сите лекции.

Во лекциите на многу места се присутни оригинални написи на англиски јазик, кои во ваков тип на публикации не се потребни.

Во табелите посоодветно е да ги нема колоните со опис или карактеристики на презентираната појава.

Соодветно на наведеното во лекциите треба да се направат потребните поправки во функција на индикаторите од 4.1.1 до 4.2.1.

5. Дизајн

Ракописот за учебник по Географија за осмо одделение во основното образование со шифра 27 е изработен на А4 формат, што е несоодветен и невообичаен за учебници.

Лекциите се унифицирани. Веднаш после насловот на учебникот наместо да се продолжи со содржината на лекцијата се поставени рубриките (за воведен дел на часот) со нагласени црвена и сино-портокалова боја преку кои е отежнато читањето на содржините.

На некои места лекцијата започнува со табеларен приказ, што не е вообичаено за пишувани материјали.

Дел од фото-илустрациите се преголеми. На некои места се присутни празни простори. Картографските илустрации се нецелосни (без обележувања на координатна мрежа), голем дел се неми карти, а дел од картите (особено картите за хидрографска мрежа) се нечитливи и се рефлектираат повеќе како бели полиња отколку како картографски приказ.

Соодветно на наведеното, потребно е да се направат многу корекции во дизајнот за да истиот биде во функција на индикаторите од 5.1.1 до 5.3.2.

**Некои конкретни недостатоци и грешки**

Тема Географија на Африка

Стр. 14-17 терминот „Мосунски ветрови..." не е точен. Има несразмерно големи илустрации.

Стр. 16-17 Има непотребни илустрации и текстови кои го дефокусираат ученикот од главната содржина на лекцијата.

Стр. 18-21 Воведниот дел не е соодветен на програмата, има јазични грешки, структурата на релјефот е несоодветно прикажана и е со странски изрази и има несоодветно асоцијативни илустрации, кои предизвикуваат заблуда.

Стр. 20-21 На почетокот има несоодветно употребени термини и констатации, како „солени рамнини", „камени плата", „оази што овозможуваат ограничени услови за живот", „Сахара од зелен и плоден предел до денешна обемна сува пустина". „Стари гондвански карпи...", кои се неточни. Има непотребни детали за проширување на знаењата, како на пример за вулканот Ерта Але. Прашањата за завршниот дел на часот се недоволни.

Стр. 22-25 Неточни објаснувања во воведниот дел. Погрешни бои на климатската карта на Африка. Има несоодветни содржини, како „жежок топлински појас", „Внатрешните пасати кои дуваат од Атлантскиот океан носат влага кон овие предели...", „Пасатите носат сув воздух кон пустините и полупустинските области ...". Пасатите не дуваат од Атлантикот. Несоодветна реченица „Пасатите ја засилуваат сушата поради протекување на студените морски струи и влијаат врз климатските услови". Има и погрешни податоци во рубриката за проширени знаења.

Стр. 26-29 Рубриката за езерото Чад не е соодветна за воведен дел. Не е точна констатацијата „На северозапад се наоѓа езерото Чад" бидејќи тоа е во централниот дел на Африка.

Стр. 30-33 Во воведот деталите за рудникот Мпоненг (за злато) не се соодветни. Изостануваат содржини поврзани со растителни и животински богатства. Се забележуваат текстови креирани од ВИ, кои не се проверени.

Стр. 34-37 Во содржините има серија на јазични и терминолошки грешки. Има нејасна карта на неселение на Африка, а картата е на светот. Има несоодветна старосна пирамида за ученици од 8-мо одделение. Материјалот не е соодветно систематизиран.

Стр. 38-39 Несоодветна употреба на странски зборови, како на пример „боди-арт“. Има несоодветни содржини во лекцијата, со нагласени помалку важни содржини.

Стр. 40-42 Содржините се недоволно конкретни и систематизирани.

Стр. 43-46 Не се спомнати уште други големи градови во Африка. Несоодветни констатации, како на пример „Во Киншаса денес зборуваат француски повеќе луѓе отколку во Парис“, така што децата се донесуваат во заблуда. Друга недоволно соодветна реченица е „Познатиот обид на Ератостен да ја пресмета големината на планетата со голема точност“. Тоа не е обид туку многу точен доказ.

Стр. 47-52 Има несоодветен вовед за лекција која се однесува на Регионалната поделба на Африка, бидејќи се зборува за „Египетски памук ...“ Регионите не се соодветно текстуално и картографски презентирани. Не се целосно прикажани туристичките центри.

Стр. 53-57 Текстот не е конкретен, туку е многу раскажувачки со вишок зборови.

Стр. 58-63 Апартхејд за воведен дел на лекцијата не е соодветно за основно образование. Текстовите се многу опширни со вишок описни зборови и вметнати зборови на англиски јазик. Кај поднасловот население има реченица „Најголема група се црноафриканските народи“ што асоцира на расна дискриминација. Понатаму „Преторија служи како административна престолнина ...“ Тоа е заблуда бидејќи државата е парламентарна република. На страна 61 претпоследен пасус „...Националниот парк Кругер, кој е дом на големата петорка...“ Учениците можат да се збунат со таква реченица, бидејќи не сите ученици имаат слушнато за овој термин. Терминот „хромит“ не е точен.

Тема Географија на Америка

Текстот за очекувани постигнувања е непотребен.

Стр. 66-69 Картата се повторува. Има препишани клучни зборови од програмата без објаснување (ова е присутно скоро во сите лекции). Лекцијата е оптеретена со многу географски имиња. Несоодветен дизајн со многу празни простори.

Стр. 70-73 Многу описни содржини кои го обременуваат текстот. Описите во табелите се несоодветни. Материјалот е несистематизиран и без поднаслови. Збунувачка е реченицата „Флорида се истакнува со ниски и мочурливи крајбрежја, топла клима и развиен туризам“ бидејќи мочуришта не се поистоветуваат со туризам. Лекцијата е долга за возраста на учениците.

Стр. 74-78 Рубриките на почеток се несоодветни за воведен дел на часот. Текстот е обемен и несистематизиран со поднаслови и многу е описен.

Стр. 79-81 Несоодветни текстови во воведниот дел од часот. Несистематизиран текст без поднаслови.

Стр. 82-85 Несоодветен текст за воведен дел на часот. Хидрографската карта е непрегледна. Сликата од Мисисипи не е асоцијативна.

Стр. 86-88 Лекцијата почнува со табела, што не е соодветно. Езерото Ери треба да е Ири. Реченицата „Онтарио е длабоко изненадувачки многу до 244 м" што не е соодветно.

Стр. 89-94 Несоодветни воведни содржини. Во табелите колоната забелешки не е потребна. „Билиони $m^3$). Слика од рудник е именувана со „Големите Американски езера". Имињата на англиски треба да се избришат. Лекцијата е преобемна.

Стр. 95-97 Несоодветен вовед. Несоодветно е „Екваторска линија (екваторски напоредник/екватор". Непотребни епитети од типот: огромни, исклучителни, неверојатни, прекрасни, уникатни, драматични, неповторливи, импресивни, интересни. Треба да се отстранат (тука и во други лекции). Терминот „поморски заливи" не е соодветен.

Стр. 98-103 Несоодветен вовед. Несоодветни се речениците „тепуите, древни камени планини", „...а врвот е долг речиси 20 км" „...Сао Паоло на наоѓаат таму во овој висорамнински свет". Лекцијата нема соодветни поднаслови.

Стр. 104-105 Несоодветен вовед. Терминот „пампаси" треба да се дефинира (како и други термини).

Стр. 106-109 Несоодветен воведен дел. „Картата за хидрографска мрежа е сиромашна, без преглед на хидрографијата", потоа „картата за реката Амазон е несоодветна". Лекцијата нема соодветни поднаслови. Текстовите се описни и многу опширни. Нејасен текст „Мадеира позната по силните струи и тропските шуми...". Реченицата не треба да започнува со прашална партикула (освен во типични прашални реченици).

Стр. 110-112 Несоодветен воведен дел. Многу описен текст.

Стр. 113-117 Воведот е несоодветен. Текстот е премногу опширен. Недостасуваат природните богатства од суровини од растително и животинско потекло

Стр. 118-122 Воведот е несоодветен. Текстовите не се конкретни туку многу раскажувачки. Кај делот за Јужна Америка да не се пишува Северна Америка.

Стр. 123-127 Терминот „метиси" треба да биде местици.

Стр. 128-131 Несоодветен вовед. Не е јасна политичката карта на Северна Америка. Се повторуваат содржини од претходни лекции. Немите карти за политичка поделба не се соодветни.Треба да се внимава на картографските прикази за регионалната поделба на државите кои припаѓаат во нив.

Стр. 132-137 Несоодветен вовед. Терминот „фавели" треба да биде објаснет. Текстовите се многу големи.

Стр.138-142 Несоодветен вовед. Туристички промет е вишок за ученици од 8-мо одделение.

Стр. 143-150 Несоодветен вовед. Не е точна реченицата „САД се трета најголема држава во светот веднаш по Русија и Кина". Несоодветни карти за географска положба. Немата

карта за релјеф во САД не е погодна без содржина. Во реченицата „... создаден со милионска ерозија од реката Колорадо“ не се доловува контекстот. Има несоодветна карта за хидрографијата на САД. Сликата од браната Хувер на реката Колорадо се повторува. Податоците во табелата за најголеми градови во САД се разликуваат од претходните податоци дадени во други табели. Во делот за етничка и културна разновидност преголем акцент е ставен на расните разлики и очекуваните идни трендови што е сосема несоодветно за учебник од основно образование, посебно во период на толку нагласена глобализација. Нема период од кога се податоците. Анализите со прогнози на населението се несоодветни за возраста на учениците.

Стр. 151-157 Несоодветен вовед. Има податок како што е „два милиони езера ... 60% во светот...“ а потоа се спомнува илјадници езера. Немите карти не се соодветни во функцијата на учебникот. Учениците во врска со бројот на езерата во Канада се носат во заблуда.

Стр. 158-163 Несоодветен вовед. Картата за географска положба или да се подобри или да се избрише. Немите карти за релјеф и хидрографија се нефункционални во лекцијата. Нема податок од кој период се податоците за населението во градовите. Има реченици како што е „населението традиционално се опишува според бојата на кожата...“, тоа значи дека реченицата алудира на расна дискриминација.

Тема Географија на Австралија со Океанија

Стр. 166-169 Воведот е несоодветен. Исписот со бела боја врз жолта е непрегледен, а текстуално е неасоцијативен за најава на лекцијата. Не се знае во која функција е картата со авиони. Картата со континенти се јавува по четврти пат. Текстот не е добро напишан, а се повторуваат исти содржини.

Стр.170-172 Прашањата во воведот се добри, но останатиот текст учениците ги носи во заблуда. Има контрадикторни текстови, како на пример „високи планински венци...“ а од друга страна „просечна надморска височина ... околу 300 метри...“. Релјефната карта на Австралија е несоодветна, бидејќи рефлектира лажна претстава за релјефот. Текстот во лекцијата е релативно конфузен. Завршниот дел е релативно соодветен.

Стр. 173-175 Картата за Климатски зони на Земјата е несоодветна, бидејќи лекцијата се однесува на Австралија со Океанија.

Стр. 176-178 Воведот е несоодветен. Во лекцијата има содржини што се повторуваат. Има непотребни имиња на реки кои се малку важни, а ученикот ќе го оптеретуваат. Текстот за клунарот не е соодветен за географска лекција.

Стр. 179-181 Несоодветен вовед со текст за рударски појаси. Текстот е преполн со имиња на региони и рудници односно нема потреба од такви детали. Текстот за розовиот дијамант не е најсоодветен за проширување на географските знаења кај учениците.

Стр. 182-184 Воведот е несоодветен. Не е соодветно да се употребуваат зборови како „познати како Аутбек...“, „...верувале во „Dreamtime...“

Стр. 185-191 Воведот не е соодветен за лекцијата. Моаи статуите не се најважни за лекцијата. Реченицата „нејзин главен град е Канбера со 26 милиони жители“ што е

неточен податок. Во текстот се присутни зборови на англиски јазик. „Мелбурн се истакнува како културна и уметничка престолнина...“. Престолнина нема во Австралија, бидејќи Австралија не е монархија.

Тема Географија на поларните области

Стр. 194-197 Картата не е соодветна за прикажување на поларните предели. Латинични и оригинални имиња не треба да се користат во лекциите.

Стр. 198-201 Текстот може да биде подобар.

**Заклучна констатација**

Од претходната анализа и долгата листа на недостатоци во ракописот меѓу кои има и елементи со нагласена етничка и расна разноликост, сметам дека ракописот за учебник по Географија за осмо одделение во основното образование со шифра 27 НЕ ГИ ЗАДОВОЛУВА БАРАЊАТА од предвидените подрачја со што не добива позитивно стручно мислење за да се најде во образовниот систем.

7.4.2026, Скопје

Рецензент

Проф. д-р Марија Љакоска

Љакоска

Republika e Maqedonise se Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCES
Педагошка Служба - Sherbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 07 APR 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 352/6 | | |


Со Решение за формирање на рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописи за учебници бр. 26-352/1 од 23.3.2026 година, по Конкурс за учебници во основно образование со архивски број, 26-1056/1 од 23.9.2025 избрана сум за **член** на рецензентската комисија за стручно вреднување на ракопис за учебник за наставниот предмет Географија за VIII одделение во основно образование. Врз основа на направениот увид го давам следното:

**СТРУЧНО МИСЛЕЊЕ**

за вреднување на ракописот за учебник за наставниот предмет Географија за VIII одделение во основно образование со шифра 27

Ракописот за учебник за наставниот предмет Географија за VIII одделение во основно образование, со шифра 27, е напишан на 201 страница компјутерски обработен текст, проследен со фотографии, географски карти, илустрации, табели, графикони и примери. Тој ги опфаќа сите тематски целини и содржини како што е предвидено во наставната програма за осмо одделение и во согласност со вкупниот број на предвидени часови за предметот Географија. Учебникот е поделен на четири целини кои се однесуваат на континентите Африка, Америка, Австралија со Океанија, како и географија на поларните области. Целините се разработени низ конкретни теми и подтеми кои се соодветни на наставната програма за осмо одделение за предметот Географија. Во него, сосема на почетокот се дадени и деловите Предговор, Водич низ учебникот и Содржина со цел полесно воведување во неговата суштина.

Во интерес на интелектуална адаптираност кон развојните и индивидуалните карактеристики на учениците, овој ракопис изобилува со нагласени нагледни пристапи како што се географските карти, илустрациите, и слично, коишто се соодветни на современите техники на учење и поучување во наставата по географија. Во овој процес се запазени сите педагошки принципи и пристапи со помош на кои знаењата искуствено, автономно и автентично се стекнуваат и

обработуваат, како што се: принципот на постапност, на продлабоченост, индивидуализација, недискриминираност и слично. Во овој контекст значајни се и дадените кодови за скенирање кои откриваат дополнителни содржини и видео-презентации што претставува мотивирачки фактор во одржувањето и поттикнувањето на интелектуалната виталност и на учечката автономија на ученикот.

Ракописот изобилува со интерактивни задачи и прашања коишто ги стимулираат учениците кон размислување и придонесуваат за одржување на интелектуалната развојна конзистентност кај нив. Дадените задачи кои иницираат учење со истражување овозможуваат проширување на когнитивните видици на учениците и создаваат кај нив интелектуална љубопитност, како и интерес за географијата. Интересно е што одредени целини во предложениот учебник нудат таканаречени занимливости (интересни факти) поврзани со темата обработена во неа. Сето ова го оддржува учениковото внимание и создава интерес за нови знаења.

Пред секоја главна тема даден е вовед со општи карактеристики за темата, како и назначени се конкретните содржини на подтемите, што во голема мера го олеснува пристапот на наставникот во поглед на воведување на учениците кон материјата која ќе се изучува. Во овој дел прецизно се определени очекуваните постигања што, на некој начин, кај секој ученик поединечно обезбедува самооценување преку увид во стекнатото знаење од темата. Овој дел од ракописот нуди можности за автокорекција и пореално разбирање на оценката од наставникот.

Во текот на увидот кој го направив врз Ракописот евидентирав мал број технички/печатни грешки кои не влијаат врз неговиот квалитет. Сугерирам нивна корекција и верувам дека во натамошната постапка на процесуирање на учебникот овие грешки ќе бидат отстранети.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на моите сознанија од рецензентскиот увид што го направив врз релевантноста и ефикасноста на предложениот ракопис за учебник по Географија за осмо одделение, со шифра 27, констатирам дека тој е напишан со современ пристап кон учењето и поучувањето и обезбедува услови за индивидуализирана настава во предметот Географија. Согласно со наведеното тој ги исполнува критериумите и стандардите за современ учебник во основното образование. Според изнесеното, слободна сум да предложам ракописот за учебник по Географија за осмо одделение, со шифра 27 да се прифати и да се одобри за печатење и употреба како учебник.

**06.04.2026**

Со почит,

М-р Невенка Стоева

352

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Sherbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 07 APR 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njesia Org. | Број: Numer: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlere |
| 26 | 352/4 | | |

## Образец за индивидуално вреднување на учебникот

(го пополнува секој член на рецензентската комисија одделно и независно од другите членови)

Вреднување на приложениот учебник со шифра 27

по наставниот предмет Географија

за VIII (осмо) одд./год. од основно образование

| *Подрачје 1:* УСОГЛАСЕНОСТ СО НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ | | |
|---|---|---|
| *стандард* | *индикатор* | *поени* |
| 1.1. Учебникот ги следи темите/подрачјата/модуларните единици предвидени со наставната програма. | **1.1.1** | 4 |
| | **1.1.2** | 4 |
| 1.2. Учебникот ја следи наставната програма во поглед на застапеноста на предвидените цели/резултатите од учењето. | **1.2.1** | 4 |
| | **1.2.2** | 4 |
| 1.3. Поимите предвидени со наставната програма се вклучени во учебникот. | **1.3.1** | 4 Н. Сол... |
| *Подрачје 2:* ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ | | |
| *стандард* | *индикатор* | *поени* |
| 2.1. Лекциите во учебникот се презентирани на начин кој олеснува да се увиди што е тоа што учениците треба да го научат, од аспект на цели/ очекувани резултати и наставни содржини. | **2.1.1** | 4 |
| | **2.1.2** | 4 |
| 2.2. Во учебникот се презентирани точни, современи, научно засновани и релевантни сознанија. | **2.2.1** | 4 |
| | **2.2.2** | 4 |
| 2.3. Примерите и илустрациите во учебникот се во функција на наставните содржини и се прилагодени на учениците. | **2.3.1** | 4 |
| | **2.3.2** | 4 |
| | **2.3.3** | 4 |
| 2.4. Нивото на тежина на содржините во учебникот соодветствува на барањата на наставната програма и на нивото на когнитивниот развој на учениците. | **2.4.1** | 4 |
| | **2.4.2** | 4 |
| **Доколку учебникот е релевантен:** | | |
| 2.5. Учебникот не развива и поддржува стереотипи и предрасуди, туку промовира еднаквост и почитување на различности по сите основи. | **2.5.1** | 4 |
| | **2.5.2** | 4 |
| | **2.5.3** | 4 |
| | **2.5.4** | 4 |
| 2.6. Содржините и активностите во учебникот го одразуваат | **2.6.1** | 4 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | мултиетничниот состав на државата, промовираат почитување на сите етнички заедници во државата и ја поддржуваат меѓуетничката интеграција. | **2.6.2** | 4 |
| ***Подрачје 3:*** **ПОВРЗАНОСТ СО УЧЕЊЕТО И ПОУЧУВАЊЕТО** | | | |
| *стандард* | | *индикатор* | *поени* |
| 3.1. | Учебникот е структуриран и организиран така да овозможува прегледност и го олеснува користењето. | **3.1.1** | 4 |
| | | **3.1.2** | 4 |
| 3.2. | Учебникот е напишан така што им овозможува на учениците сами да учат од него. | **3.2.1** | 4 |
| | | **3.2.2** | 4 |
| | | **3.2.3** | 4 |
| | | **3.2.4** | 4 |
| | | **3.2.5** | 4 |
| | | **3.2.6** | 4 |
| 3.3. | Учебникот ги поттикнува учениците со различни предзнаења да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата од предметот. | **3.3.1** | 4 |
| | | **3.3.2** | 4 |
| ***Подрачје 4:*** **ЈАЗИК И СТИЛ** | | | |
| *стандард* | | *индикатор* | *поени* |
| 4.1. | Јазикот и стилот на кој е напишан учебникот го олеснува разбирањето на содржините. | **4.1.1** | 4 |
| | | **4.1.2** | 4 |
| | | **4.1.3** | 4 |
| 4.2 | Учебникот ги почитува јазичните и правописните норми на јазикот на кој е напишан. | **4.2.1** | 4 |
| ***Подрачје 3:*** **ДИЗАЈН** | | | |
| *стандард* | | *индикатор* | *поени* |
| 5.1. | Графичкото обликување обезбедува целосна прегледност на структурата и содржините на учебникот. | **5.1.1** | 4 |
| 5.2. | Графичкото обликување обезбедува целосна прегледност на структурата и содржината на лекциите. | **5.2.1** | 4 |
| | | **5.2.2** | 4 |
| | | **5.2.3** | 4 |
| 5.3 | Надворешниот и внатрешниот изглед на учебникот задоволува естетски стандарди. | **5.3.1** | 4 |
| | | **5.3.2** | 4 |

Член на комисија:

Име и презиме: Невенка Стоева

Потпис: Н. Стоева

Дата на потпишување: 07. 4. 2026 г.

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCES
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 07 APR 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност Vlere. |
| 26 | 352/5 | | |


## Образец за финално вреднување на учебникот

(заеднички го пополнуваат сите членови на рецензентска комисија, врз основа на претходно пополнетите обрасци за индивидуално вреднување)

Вреднување на приложениот учебник со шифра 27

по наставниот предмет Географија

за VIII одд./год. од основно образование образование

> Просечните поени за секој индикатор (последната колона) се пресметуваат како аритметичка средина од поените доделени од секој член на рецензентската комисија одделно.
>
> Просечната оценка за целото подрачје (односно за соодветните делови од подрачјето) претставува аритметичка средина од добиените просечни поени за сите индикатори вклучени во подрачјето.
>
> Просечните оценки што се добиваат за секое подрачје се толкуваат согласно насоките дадени во деталните табели за вреднување.

| ***Подрачје 1:* УСОГЛАСЕНОСТ СО НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ** | | |
|---|---|---|
| *стандард* | *индикатор* | *просечни поени* |
| 1.1. Учебникот ги следи темите/подрачјата/модуларните единици предвидени со наставната програма. | **1.1.1** | 4 |
| | **1.1.2** | 4 |
| 1.2. Учебникот ја следи наставната програма во поглед на застапеноста на предвидените цели/резултатите од учењето. | **1.2.1** | 4 |
| | **1.2.2** | 4 |
| 1.3. Поимите предвидени со наставната програма се вклучени во учебникот. | **1.3.1** | 4 |
| *Просечна оценка за целото подрачје* | | 4 |

Во поглед на подрачјето **УСОГЛАСЕНОСТ СО НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ,** приложениот ракопис

- ☑ **сосема ги задоволува барањата**
- ☐ **не ги задоволува барањата**

| *Подрачје 2:* **ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ** | | |
|---|---|---|
| *стандард* | *индикатор* | *просечни поени* |
| 2.1. Лекциите во учебникот се презентирани на начин кој олеснува да се увиди што е тоа што учениците треба да го научат, од аспект на цели/ очекувани резултати и наставни содржини. | **2.1.1** | 4 |
| | **2.1.2** | 4 |
| 2.2. Во учебникот се презентирани точни, современи, научно засновани и релевантни сознанија. | **2.2.1** | 4 |
| | **2.2.2** | 4 |
| 2.3. Примерите и илустрациите во учебникот се во функција на наставните содржини и се прилагодени на учениците. | **2.3.1** | 4 |
| | **2.3.2** | 4 |
| | **2.3.3** | 4 |
| 2.4. Нивото на тежина на содржините во учебникот соодветствува на барањата на наставната програма и на нивото на когнитивниот развој на учениците. | **2.4.1** | 4 |
| | **2.4.2** | 4 |
| *Просечна оценка за индикаторите 2.1.1-2.4.2* | | 4 |
| **Доколку учебникот е релевантен за следните индикатори:** | | |
| 2.5. Учебникот не развива и поддржува стереотипи и предрасуди, туку промовира еднаквост и почитување на различности по сите основи. | **2.5.1** | 4 |
| | **2.5.2** | 4 |
| | **2.5.3** | 4 |
| | **2.5.4** | 4 |
| 2.6. Содржините и активностите во учебникот го одразуваат мултиетничниот состав на државата, промовираат почитување на сите етнички заедници во државата и ја поддржуваат меѓуетничката интеграција. | **2.6.1** | 4 |
| | **2.6.2** | 4 |
| *Просечна оценка за индикаторите 2.5.1-2.6.2* | | 4 |

Во поглед на подрачјето **ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ**, учебникот*

☑ **сосема ги задоволува барањата**

☐ **делумно ги задоволува барањата** и треба да се доработи за индикаторите:

________________________________________

☐ **не ги задоволува барањата**

*доколку учебникот е релевантен, се земаат предвид индикаторите од 2.1.1 до 2.6.2, а доколку не е, само индикаторите од 2.1.1 до 2.4.2)

| *Подрачје 3:* ПОВРЗАНОСТ СО УЧЕЊЕТО И ПОУЧУВАЊЕТО | | | |
|---|---|---|---|
| *стандард* | | *индикатор* | *просечни поени* |
| 3.1. | Учебникот е структуриран и организиран така да овозможува прегледност и го олеснува користењето. | **3.1.1** | 4 |
| | | **3.1.2** | 4 |
| 3.2. | Учебникот е напишан така што им овозможува на учениците сами да учат од него. | **3.2.1** | 4 |
| | | **3.2.2** | 4 |
| | | **3.2.3** | 4 |
| | | **3.2.4** | 4 |
| | | **3.2.5** | 4 |
| | | **3.2.6** | 4 |
| 3.3. | Учебникот ги поттикнува учениците со различни предзнаења да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата од предметот. | **3.3.1** | 4 |
| | | **3.3.2** | 4 |
| | | *Просечна оценка за целото подрачје* | 4 |

Во поглед на подрачјето **ПОВРЗАНОСТ СО УЧЕЊЕТО И ПОУЧУВАЊЕТО**, учебникот

☑ **сосема ги задоволува барањата**

☐ **делумно ги задоволува барањата** и треба да се доработи за индикаторите:

___

☐ **не ги задоволува барањата**

| *Подрачје 4:* ЈАЗИК И СТИЛ | | | |
|---|---|---|---|
| *стандард* | | *индикатор* | *просечни поени* |
| 4.1. | Јазикот и стилот на кој е напишан учебникот го олеснува разбирањето на содржините. | **4.1.1** | 4 |
| | | **4.1.2** | 4 |
| | | **4.1.3** | 4 |
| 4.2 | Учебникот ги почитува јазичните и правописните норми на јазикот на кој е напишан. | **4.2.1** | 4 |
| | | *Просечна оценка за целото подрачје* | 4 |

Во поглед на подрачјето **ЈАЗИК И СТИЛ**, учебникот

☑ **сосема ги задоволува барањата**

☐ **делумно ги задоволува барањата** и треба да се доработи за индикаторите:

☐ **не ги задоволува барањата**

| *Подрачје 3: ДИЗАЈН* | | | |
|---|---|---|---|
| *стандард* | | *индикатор* | *просечни поени* |
| 5.1. | Графичкото обликување обезбедува целосна прегледност на структурата и содржините на учебникот. | **5.1.1** | 4 |
| 5.2. | Графичкото обликување обезбедува целосна прегледност на структурата и содржината на лекциите. | **5.2.1** | 4 |
| | | **5.2.2** | 4 |
| | | **5.2.3** | 4 |
| 5.3 | Надворешниот и внатрешниот изглед на учебникот задоволува естетски стандарди. | **5.3.1** | 4 |
| | | **5.3.2** | 4 |
| | | *Просечна оценка за целото подрачје* | 4 |

Во поглед на подрачјето **ДИЗАЈН**, учебникот

☑ **сосема ги задоволува барањата**

☐ **делумно ги задоволува барањата** и треба да се доработи за индикаторите:

______________________________

☐ **не ги задоволува барањата**

Врз основа на просечните оценки од вреднувањето на секое подрачје одделно, рецензентската комисија заклучува дека приложениот учебник

☑ сосема ги задоволува барањата

☐ делумно ги задоволува барањата и треба да се доработи за горенаведените индикаторите од следните подрачја:

______________________________

☐ не ги задоволува барањата

Членови на рецензентската комисија:

1. м-р Невенка Стоева — [signature]
име и презиме — потпис

2. Ресуљ Хамити — [signature] 21.04.2026
име и презиме — потпис

3. ______________________________ — ______________
име и презиме — потпис

Датум на потпишување 07. 4. 2026